**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Примено / Pranuar: 04. 02. 2020
10 477 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 јануари 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 февруари 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   **- Член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

   (3) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 10 декември 2019 година, за непочитување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-520 од 10.12.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.*

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (12.12.2019г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, емитуван на 21 јануари 2020 година, на локално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 3** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***